


**Написов го пишувам за Македонските верници, за оние кои веруваат во Бога. За оние кои останале верни на своето Македонско потекло. Овој напис не го пишувам за оние кои не веруваат во Бога, ниту пак за оние кои се одродиле од Македонството.**

Познато ни е преку Библијата оти севишниот Бог создал се`, вселената и сончевиот систем, а во него земјата, која ја втемелил на трето место од сонцето.

Вербата во тројството во нашата рисјанска религија е длабоко втемелена. Ние веруваме во Таткото, Синот и Светиот дух, трипати се крстиме, трипати се бакнуваме, Александар трети и трите раси Македониде, Монголоиде и Негриде. Многу работи се поврзани со тројството.

Севишниот Бог кога ги создал трите раси и ги оформил во одвоени региони секоја за себе. На секоја раса и` дал и една крвна група така да имаме три крвни групи О, А и Б. Овие три раси секоја од својот центар вршела експанзија се` додека не ја населуваат целата планета. При експанзијата тие дошле во допир меѓу себе и се случувало да се измешаат меѓусебно и така добивме мелези т.е. подраси.

Јас денеска ќе пишувам за Македонидето на кое му припаѓам и поради тоа сум многу

восхитена и горда.

Македонидето ја населува областа околу средоземниот базен. Доказот за тоа лежи во пештерата на Халкидики каде е најден череп од Македонец.

Македонидето почнало да експанзира околу Средоземното Море како жаби во барата.

Македоноидето формира многу градови и нови живеалишта. Македоноидето имал направено и карти во кои биле запишани сите реки, планини, езера, мориња, области, градови и села. Најголем град во тоа време бил Пела и оттука се ширела централната влас на Македонидето, оттука се донесувале сите важни одлуки за понатамошно одвивање на Македонидето. Граѓаните на овој голем град ги викале воедно и Пелазги што произлегува од името на градот.

Македонците со векови живееле на овие простори, никнале многу градови и села. Структурата на градот била кралска. Кралот се грижел за граѓаните и за нивниот развиток тој ковал пари и собирал данок од граѓаните во неговиот град. Градот бил државичка. Ваквиот систем бил насекаде развиен и со тоа се формирани многу град државички. Македонците, имајќи многу градови имале и многу кралови. Некој од градовите преку врска на женидби или пријателски односи биле тесно и братски поврзани, што им давало сигурност и можност полесно да преживеат во лошите времиња. Почесто се случувало да избие кавга и да дојде до воена интервенција, така да многу градови меѓусебно воделе војни и по неколку години, како на пример во Илиј Троја. Целата ситуација била многу лоша се` деодека во Пела на престолот не дошол амбициозниот Филип Втори.

Филип Втори имал визија како да се прекинат меѓусебните војни кои доведувале до истребување. Филип ги повикува Македонците да се обединат во една единствена Македонска унија. Тоа веднаш го направија 16 области со што за прв пат во светот беше формирана и првата држава. Филип Втори од овие 16 кралски куќи ќе биде одбран за водач и првпат во историјата на светот ќе му биде доделена новата титула Цар на Македонците. Филип Втори за време на неговата кампања околу обединувањето на македонците имаше направено програма која ветуваше голем успех и напредок во понатомашното живеење.

1. Гарантирал сигурен живот во Македонската унија

2. Изградба на нови патишта за комуникација меѓу градовите

3. Служење на регуларна Војска која има за задача да ги чува новите граници

4. Контрола на производите од храна

5. Контрола на пазарот

6. Воведување на школи и Универзитети за граѓаните на новата унија

7. Изградба на Театри

8. Воведување на воена Академија

9. Воведување на пари во новата македонска држава

10. Изградба на бродоградилиште

11. изработка на нова техника и нови оружја

12. и со продолжување на старата македонска религија од божјиот син Херакле преку неговиот божји син Александар МАКЕДОНСКИ.

Со ваква програма ги обединил овие 16 области.

Филип Втори бил многу амбициозен и неговата кралска куќа била многу богата. Рудниците со злато на Халкидики беа под контрола на кралската куќа од Пела. Тие биле многу богати со злато. Во старите записи за овие рудници се пишува дека цели карпи на површината биле златни и илјадници тони тешки. Со ова злато Филип имал и можност се` да гради, а особено поради неговиот амбициозен карактер и љубов кон оружјето тој воведува прва Воена Академија од каде ќе произлезат многу Генерали и Маршали. Ова никогаш не треба да му се заборави на Филип. Тој со способен и спремен кадар на одбрани војсководители ја опремил Македонската унија каде се размислувало и пручувало какви оружја да се употребат во која борба така што, македонските војници деноноќно тренирале, биле спремни за разни специјални задачи.

Тој е творец на првата фаланга во светот која ја опремил со штит кој бил прицврстен на гради со ланец преку врат и друг од стомакот преку грб за фалангистот да ги има слободни рацете за да го држи долгото копје од шест метра.

Додека Пешадерите ги опремил со мали ститови и кратки мечови за да бидат по покретни и брзи, така да овие пешадери правеле масакар низ непријателските редови. Пешадерите деноноќно тренирале на војните полигони кои ги вовел Филип и тука се стекнувале со вештини и трикови за борба гради со гради.

Коњаницата беше опремена со нови свежи брзи коњи кои беа спецјално тренирани за во борба за коњот да не се плаши. Овие коњи беа тренирани и со главата да удираат и со нозете да клоцаат по наредба на коњаникот. Така бил и Букефал (коњот на Александар) воспитан. Коњаникот на себе имал пафти кои му ги штителе градите и стомакот на најопасните места кај човекот. Наоружани со меч со средна должина, а генералите облечени во панцир, особено главниот командант на сите вооружени сили Филип Втори. Со ваква опремена и извежбана војска немало кој повеќе да му се спротивстави на Македонската унија. Тоа беше најсовремената, најистренирана војска во светот, дело на фантастичниот гение Филип Втори.

Оние град државички кои не се приклучија кон Македонската унија. Откако слушнале за новите подготовки на Филип Втори веднаш се обединиле од страв од големината на Македонската држава. Се обединија во Коринтската лига за во случај на војна да можат да се спротивстават на Македонската унија.

Коринтската лига беше формирана од повеќе градови, но најдоминантни беа Атина, Теба и Коринт.

Прва на удар на Филип беше Теба која беше срамнета со земја за да служи за пример, да знаат сите оние кои ќе му се спротивстават на Филип што ќе ги снајде.

Ваквата примена на војна има и ден денес. Првиот удар се врши со најстрашни ѕверства за да се заплаши непријателот.

Откако Теба беше срамнета со земја Македонската унија и коринтската лига на град државичките се сретнаа кај Херонеја.

Жална беше глетката. На една страна Македонската унија со најсовремената војска под ред и линија со најсовременото оружје во тоа време, новата тактика на фалангата дело на Филип и само погледот на редовите на овие формации задаваше страв и трепет. На другата страна се собрале на брзина идеалисти кои сакада си ја сочуваат слободата на град државичките и сакајќи да живеат во хаос без безбеден живот. Наоружани со вили, секири и мотки по некој меч или штит, инаку не можам да си преставам толку мал број на жртви во битката околу 245 на Македонската унија на кои Филип им изгради споменик од лав на местото каде што загинале (Лавот од Херонеја). Додека жртвите на Коринтската лига беа катастрофални.

Коринтската лига после овој пораз потпишува дека Филип Втори е егемонот над овие град државички и овие град дрежавички ја губат својата важност во новата Македонска унија и фактички ја изгубиле нивната важност и ги снемува од историјата на светот.

**Александар го најавува новиот Месија.**

После смртта на Александар Трети Македоноидето, неговите наследници уште многу години точно 300 години, Македоноидето ќе владее на овие простори до Клеопатра 7 и Цезар, а понатака Македоноидето уште ќе твори преку Консантин 1, Јустинјан, Васил Втори, Цар Самоил, Константин 12, Цар Душан, Кастриот, Карпош, Николај 2, Гоце

Делчев и Ченто.

**Светската политика за да може да го контролира Македоноидето направи заговор против него го подели во повеќе држави за да може да ја контролира масата и полесно да ја “молзе“.**